*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УПІБр. 18/24-360*
*11.06.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

## по изготвен

## Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 05.01со намена А-Домување,Општина Штип

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од исток осовина на корито на р.Брегалница,
- Од север осовина на ул Гоце Делчев
- Од запад и од југ - граница на наменска зона од ГУП

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 75 005.98m2.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен **Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 05.01со намена А-Домување,Општина Штип** ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008




Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 16 јуни 2025 год (понеделник) и истиот ќе трае до 30 јуни 2025 год (понеделник).

Јавната анкета и јавната презентација за **Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 05.01со намена А-Домување,Општина Штип** ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 31 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 1 јули 2025 (вторник) до 31 јули 2025 год (четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17 јули (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*